Македонија

Бр. 47-  /
.    .2006 година
С к о п ј е

**Пример страницата да биде заменета со страницата во која се внесени податоците на потенцијалната членка;**
**Word документ: Dogovor GS1 (Strana1).doc**

Бр. 08-44/1
12.08.2006 година
Струмица

# ДОГОВОР

## за членување во Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија

Склучен на ден **12.08.2006** година меѓу:

1. **Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите "GS1 Македонија"** при Стопанската комора на Македонија - Скопје, ул."Димитрие Чуповски" бр.13, БДС 4064470, застапувана од директорот на GS1 Македонија, г-ѓа Слаѓана Милутиновиќ,

и

2. **"КОТО С" ДОО,** ул."Рудо" бр.7, Струмица, БДС **(**5157614**)**, застапуван од овластеното лице, **г-дин Стојан Стојановски**, **управител** (во натамошниот текст: членка на GS1 Македонија)

**Предмет на Договорот:** Доделување на Матичен GS1 број и членување во GS1 Македонија

за GS1 Македонија
Директор

МП Потпис

**Слаѓана МИЛУТИНОВИЌ**

за членката на GS1 Македонија
**Управител**

МП Потпис

**Стојан СТОЈАНОВСКИ**

**Потенцијалната членка ги внесува своите податоци во полињата означени со плава боја.**

*Секоја подударност со фиктивните податоци во дадениот пример е случајна.*

**GS1 Македонија**
Стопанска комора
на Македонија
Димитрие Чуповски 13
П. Фах 324
1000 Скопје
Република Македонија
Т +389 (0)2 32 44 051
Ф +389 (0)2 32 44 088
gs1mk@gs1mk.org.mk
www.gs1mk.org.mk

## I. Општи одредби

Член 1

Со овој договор се уредуваат правата и обврските на договорните страни во врска со стекнувањето членство и членувањето во Македонската асоцијација за нумерирање на артиклите - GS1 Македонија и по тој основ користење на GS1 системот.

Со склучувањето на овој договор и исполнувањето на обврските утврдени во Договорот, членката на GS1 Македонија стекнува право на користење на GS1 системот, како и други права, обврски и одговорности утврдени со овој договор.

Член 2

Со овој договор меѓу договорните страни се воспоставува облигаторно-правен однос, во согласност со законот и актите на GS1 Македонија.

## II. Права и обврски на членката на GS1 Македонија

*II. 1 Права на членката:*

Член 3

Членката на GS1 Македонија со склучувањето на овој договор стекнува право на GS1 број, негово користење на сите свои производи, како и користење на GS1 системот.

Членката на GS1 Македонија има право да бара од GS1 Македонија потребни упатства и објаснувања за примената на GS1 системот.

*II. 2 Обврски на членката:*

Член 4

- пред склучувањето на овој договор да го уплати утврдениот износ на име пристапнина и годишна членарина, според доставената профактура, на жиро-сметка на GS1 Македонија;
- секоја година ја плаќа утврдената членарина, врз основа на доставената фактура, во рок од 15 дена;
- да го користи GS1 системот исклучиво согласно упатствата и стандардите што ги одредува GS1 Македонија;
- да ја известува GS1 Македонија за сите настанати промени (промена на име на фирмата, адреса, телефон, жиро-сметка, овластеното лице за застапување, престанок на работата на фирмата и други релевантни податоци), најдоцна во рок од 15 дена од настанатата промена;
- да назначи лице кое постојано ќе биде задолжено за примена и развој на GS1 системот и баркодирање на артиклите;
- да води Регистар на искористените GS1 броеви за различните артикли;
- да овозможува увид на GS1 Македонија во Регистарот на искористените GS1 броеви и ги дава потребните податоци за следењето и користењето на GS1 системот;
- најмалку еднаш годишно (до 20 декември во тековната година), а почесто по своја желба, да достави во писмена или во електронска форма (gs1mk@gs1mk.org.mk) преглед за сите измени во Регистарот направени во тековната година;
- согласно издаденото решение за доделениот Матичен GS1 број, да изработи бар кодови за своите артикли и да обезбеди квалитетна читливост на симболите;
- доделениот Матичен GS1 број да го користи исклучиво за обележување на сопствените производи и да спречува секаква злоупотреба на GS1 системот од страна на трети лица;
- редовно да го пополнува и доставува до GS1 Македонија пополнетиот Анкетен формулар за баркодираните артикли;

- во случај на престанок на членството во GS1 Македонија по кој било основ, во рок од 15 дена да го врати на GS1 Македонија издаденото Решение за доделениот Матичен GS1 број и да престане со неговото користење на своите производи.

Член 5

Членката на GS1 Македонија е непосредно одговорна за правилна примена на GS1 системот и по тој основ е должна да ја надомести штетата настаната поради злоупотреба или друга неправилност во примената.

**III. Права и обврски на GS1 Македонија**

*III. 1 Обврски на GS1 Македонија:*

Член 6

- да ја зачлени членката по нејзино барање и да ѝ издаде единствен Матичен GS1 број во согласност со GS1 принципите и правилата;
- да ѝ издаде фактура на членката заради книжење за вредноста на пристапнината и членарината;
- да ја утврди висината на членарината согласно со одлуките на органите на управување на GS1 Македонија.
- да ја извести членката за измената на годишната членарина;
- да ја информира членката за функционирањето на GS1 системот, придобивките од неговата примена и новите случувања на меѓународно ниво;
- да ѝ даде стручна помош на членката при примената на GS1 системот;
- да ѝ даде потребни упатства на членката (технички и административни) за правилна, навремена и вистината примена на GS1 системот;
- да ѝ помогне на членката правилно да ги примени GS1 стандардите и останатите GS1 правила и да го спречи нивното кршење;
- да ѝ даде поддршка на членката при отстранување на евентуалните направилности;
- редовно да ја ажурира својата WEB страна (www.gs1mk.org.mk) објавувајќи ѓи сите измени за постојното членство, како и за новите зачленувања во GS1 Македонија;
- најмалку еднаш месечно, да го ажурира електронскиот каталог на баркодираните артикли врз основа на доставените прегледи на регистрите на искористените GS1 броеви;
- да ја обезбедува видливоста и застапеноста на членката на национално и на меѓународно ниво.

*III. 2 Права на GS1 Македонија:*

Член 7

GS1 Македонија има право на контрола над примената и користењето на GS1 системот во Република Македонија. Целта на контролата е континуирана правилна примена на мерилата и критериумите на GS1 системот како целина и на неговите пооделни сегменти.

Член 8

GS1 Македонија има право да го раскине Договорот, односно да го откаже или да го одземе правото на користење на GS1 системот и да ја брише членката од евиденцијата на GS1 Македонија во следните случаи:

- до колку членката не ја плати членарината во утврдениот рок од член 4 став 1 алинеа 2 на овој договор;
- до колку членката не плати членарина две години една по друга;
- до колку членката на GS1 Македонија неправилно го користи GS1 системот или при користењето не се придржува на утврдените правила и критериуми;

- до колку членката на GS1 Македонија не ги извршува другите обврски утврдени во член 4 од овој договор.

Раскинувањето на договорот согласно ставовите 1 и 2 на овој член GS1 Македонија го врши во писмена форма, со отказен рок од 15 дена.

## IV. Раскинување на договорот и престанок на членството

Член 9

Независно од утврдените рокови со овој договор, секоја договорна страна може да го откаже овој договор, доколку оцени дека не постои интерес за натамошна примена на неговите одредби.

Отказот се дава во писмена форма.

Отказниот рок согласно став 1 од овој договор е 3 месеци од денот на приемот на писмениот отказ.

Член 10

Во случај на раскинување на Договорот и престанок на членството по кој било основ, GS1 Македонија е должна:

- да го повлече издаденото Решение за доделениот единствен матичен GS1 број;
- да ја заштити членката од злоупотреба на нејзините неискористени GS1 броеви известувајќи ги надлежните органи (Републичкиот пазарен инспекторат) за престанок на членството и неискористените GS1 броеви и тоа врз основа на увидот во Регистарот на искористените GS1 броеви;
- да ги информира останатите членки за престанок на конкретното членување со објавување во списанието на GS1 Македонија;
- да го објави престанокот на конкретното членување на својата WEB страна www.gs1mk.org.mk.

## V. Решавање спорови

Член 11

Секоја договорна страна е должна преземените обврски од овој договор да ги извршува навремено и уредно.

При извршувањето на договорните обврски секоја страна е должна да постапува совесно.

Сите спорови што ќе произлезат од овој договор или во врска со него, вклучувајќи ги споровите за неговото толкување или полноважност, ќе се решаваат спогодбено.

Ако спорот не може да се реши спогодбено, истиот ќе се решава пред Постојниот избран суд (Арбитража) при Стопанската комора на Македонија, во согласност со одредбите на Правилникот на постојниот избран суд - Арбитража.

На правата и обврските на договорните страни што не се уредени со овој договор, се применуваат одредбите на Законот за облигациони односи.

## VI. Завршни одредби

Член 12

Овој договор е склучен во четири (4) истоветни примероци, по два за секоја договорна страна.

Член 13

Договорните страни ги преземаат правата, обврските и одговорностите утврдени со овој договор на денот на неговото потпишување од страна на овластените лица.